Funded by the European Union

ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT

EU for Municipalities

Град Скопје

Бр. Nr. 08-3764/1

23. 03. 2023 20

СКОПЈЕ - SHKUP

„За потребите на ревидирање, подготовка и евалуација на три (3) тендерски досиеја согласно ПРАГ правилата за јавни набавки, за набавка опрема и услуги во рамки на проектот „Повторна употреба и управување со отпад од градежништво и уривање – RE-Construct“ предвидени во Договорот за имплементација на проектот ИПА/2021/427-061, Град Скопје објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

## за избор на експерт за ПРАГ ревидирање, подготовка и евалуација на три (3) тендерски досиеја за набавка на машинерија и опрема во рамки на проектот „RE-Construct “

## 1. КРАТОК ОПИС И ЦЕЛИ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

Предмет на овој Јавен повик е избор на **Експерт за поддршка во спроведување на постапки за јавни набавки согласно ПРАГ правилата (Practical Guide to Contract Procedures for EU External Actions)**, за ревидирање, подготовка и евалуација на три (3) тендерски досиеја за набавка на опрема и услуги во рамки на проектот „Повторна употреба и управување со отпад од градежништво и уривање – RE-Construct“.

Општата цел на проектот е јакнење на институционалните и техничките капацитети на Град Скопје за поддршка на транзицијата кон циркуларна економија и унапредување на одржливото управување со отпад од градежништво и уривање. Проектот има за цел да придонесе кон намалување на негативните влијанија врз животната средина преку воспоставување системски пристап за идентификација и мапирање на нелегални депонии, воспоставување механизми за нивно следење и управување, како и спроведување мерки за нивно затворање и санација. Дополнително, проектот ќе придонесе кон поттикнување на повторната употреба и рециклирање на преработени градежни материјали, со што ќе се поддржи поефикасното користење на ресурсите и принципите на циркуларната економија.

Ангажираниот експерт ќе обезбеди усогласеност на тендерската документација и постапките со важечката верзија на ПРАГ правилата (Practical Guide to Contract Procedures for EU External Actions), како и со релевантните одредби од Договорот за грант ИПА/2021/427-061.

Набавките се однесуваат на активности предвидени во рамки на буџетските линии:

- BL 3.1 – Equipment and Supplies
- BL 5 – Other Costs and Services

## 2. ОБВРСКИ НА ПРАГ ЕКСПЕРТОТ

Обврски на ангажираниот експерт се ревидирање, подготовка на документација за евалуација и евалуација на понудите, до потпишување договор со избраните понудувачи за три (3) тендерски досиеја за набавка на опрема и услуги во рамки на проектот „Повторна употреба и управување со отпад од градежништво и уривање – RE-Construct" според ПРАГ правилата (Practical Guide to Contract Procedures for EU External Actions), и тоа за:

- Набавка на дробилица согласно БЛ 3.3.1
- Набавка на багер согласно БЛ 3.4.2
- Развој на сензорска апликација и база на податоци за нелегални депонии на градежен отпад (GIZ) БЛ 5.2

Градот Скопје ќе ги обезбеди технички спецификации за набавка на потребната опрема и услуги.

ПРАГ експертот, во тек на извршување на обврските од овој повик ќе соработува со проектниот координатор и проектниот тим на Град Скопје.

## 3. ВРЕМЕНСКА РАМКА И БУЏЕТ

За ангажирање на ПРАГ експерт за ревидирање, подготовка и евалуација до потпишување на договор со избраните понудувачи за три (3) тендерски досиеја обезбеден е вкупен буџет од 6000 евра бруто надоместок, во денарска противвредност пресметана по среден курс на НБРМ на денот кога ќе се врши исплатата. Износот ќе биде исплатен на следниот начин:

Исплатата ќе се изврши во две транши: 50 % од предвидената сума ќе биде исплатена авансно, 50% по завршување на обврските од договорот и поднесување финален извештај.

Дефинираните обврски за избраниот експерт започнуваат по потпишување на Договор.

## 4. ПОТРЕБНИ КВАЛИФИКАЦИИ И ЗАДОЛЖИТЕЛНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

За имплементација на активностите експертот потребно е да ги исполнува следниве квалификации, кои ќе бидат поткрепени со соодветна документација:

- Најмалку 10 години работно искуство во имплементација на проекти финансирани од ЕУ со фокус на административно финансиски менаџмент.
- Најмалку 5 години работно искуство во областа на ЕУ јавни набавки согласно PRAG правилата - (Practical Guide to Contract Procedures for EU External Actions)
- Искуство како ИПА Прво ниво на финансиски контролор(ка). (IPA First Level Financial controler), ќе се смета за предност.
- Високо образование, од област која соодветствува на предметот на набавките (технички науки) ќе се смета за предност.

Кандидатите е потребно да достават своја биографија во која ќе ги наведат претходните проекти и/или работни задачи релевантни за областа за која се јавуваат во повикот, вклучително и контакт од соодветните проектни менаџери/ одговорни лица за референтните проекти со кои го докажуваат своето искуство.

## 4. НАЧИН НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНИОТ ПОВИК

За спроведување на јавниот повик Градоначалникот на Град Скопје формира Комисија за избор на ПРАГ експерт согласно точка 2, 3 и 4 од овој Јавен повик.

Комисијата е задолжена по истекот на рокот за поднесување на пријавите/апликациите, да изврши евалуација на пристигнатите пријави/апликации и рок од 7 дена од завршување на рокот за аплицирање.

Комисијата е должна по извршената евалуација на пристигнатите пријави/апликации, да достави предлог до Градоначалникот на Град Скопје за усвојување на пријавата на избраниот ПРАГ експерт.

Градоначалникот на Град Скопје на предлог на Комисијата ќе донесе решение за усвојување на пријавата/апликацијата на избраниот ПРАГ експерт рок од 3 дена од извршената евалуација на Комисијата.

Кандидатите кои нема да бидат избрани, преку мејл, онлајн ќе бидат известени за причините за одуката на Комисијата.

Комисијата ќе ги извести кандидатите кои поднеле пријава/апликација доколку се поништи јавниот повик и не се донесе Решение за избор.

Град Скопје може да го поништи јавниот повикот доколку:

- Не е пристигната ниту една пријава/апликација;
- Пријавите/апликациите кои пристигнале не ги исполнуваат условите согласно овој Јавен повик;
- Не се донесе Решение за усвојување на пријавите/апликациите на кандидатот во рок 15 дена од денот на доставување на предлогот од страна на Комисијата.

Funded by the European Union

Град Скопје

EU for Municipalities

## 5. РОК И НАЧИН НА ДОСТАВУВАЊЕ НА ПРИЈАВИТЕ

Заинтересираните кандидати кои ги исполнуваат условите од овој повик потребно е да ја достават потребната документација во печатена верзија (лично преку архива или по пошта) до Архива на Град Скопје, Барака 16, бул. Илинден бр.82, 1000 Скопје, со назнака за: Повик за проектот: „Re-Construct".

**Рокот за аплицирање е 7 дена од денот на објавување.**

**НАПОМЕНА:** Ненавремената и некомплетната документација нема да биде разгледувана. На интервју ќе бидат повикани само кандидатите коишто ги исполнуваат условите.

Градоначалник на
Град Скопје
**Орце Ѓорѓиевски**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ * QYTETI I SHKUPIT-SHKUP * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT